Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 8 јануари 2020 година

Скопје, јануари 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 јануари 2020 година

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, д-р Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, како и м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Годишна инвестициона програма на ЈП за стопанисување со пасишта за 2020 година, со Предлог - одлука

2. Годишна програма за работа, Финансиски план за 2020 година и План за капитални инвестиции за 2020 година на ЈП Македонска радиодифузија - Скопје, со Предлог – одлука

3. Програма за работа за 2020 година и Финансиски план за 2020 година на Јавно претпријатие за берзанско работење „Агро – Берза“ - Скопје, со Предлог - одлука

4. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоци за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните

5. Предлог - програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година

**б) економски систем и тековна економска политика**

6. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска полиција, по скратена постапка

7. Предлог - програма за работа на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година

8. Предлог - програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2020 година

9. Предлог - програма за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2020 година

10. Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектна документација за 2020 година

11. Предлог - годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година

12. Предлог - програма за заштита на природата за 2020 година

13. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог - одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово и Предлог - одлука за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово

14. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори со состојба на активностите преземени до крај на 2019 година

**в) политички систем**

15. Предлог - програма за рамномерен регионален развој за 2020 година

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

16. Предлог - закон за установите за средно образование на верските заедници

17. Предлог - национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година

18. Предлог - програма „Здравје за сите“ за 2020 година

19. Предлог - програма за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2020 година

20. Предлог - програма за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година

21. Информација во врска со реализацијата на Проектот – Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека

22. Информација за потребата од спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**
**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

**д) други предлози**

23. Предлог за доделување средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (финансиска помош за настраданите во пожарите што ја зафатија Австралија)

24. Кадровски прашања

25. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

26. Годишна програма и Финансиски план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2020 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

27. Предлог - одлука за остварување на право на користење на службено возило на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на кој му престанала функцијата

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Годишната инвестициона програма на ЈП за стопанисување со пасишта за 2020 година, со Предлог-одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта.

**Точка 2**

Владата по Годишната програма за работа, Финансискиот план за 2020 година и Планот за капитални инвестиции за 2020 година на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје, со Предлог - одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната програма за работа и развој на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија – Скопје за 2020 година.

Истовремено, Владата го разгледа Финансискиот план за 2020 година на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата по Програмата за работа за 2020 година и Финансискиот план за 2020 година на Јавно претпријатие за берзанско работење „Агро-Берза"-Скопје, со Предлог - одлука, го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за берзанско работење „Агро-Берза"-Скопје за 2020 година.

Истовремено, Владата го разгледа новиот текст на Програмата за работа за 2020 година на ЈП за берзанско работење „Агро-Берза"-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните.

**Точка 5**

Владата го разгледа најновиот текст на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година и ја донесе Програмата со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Програмата согласно укажувањето во Мислењето на Министерството за финансии (согласно прифатениот амандман во Собранието на Република Северна Македонија, со кој се обезбедени средства во износ од 2.000.000 денари наменети за поддршка на жените претприемачи).

**Точка 6**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска полиција, по скратена постапка, поради потреба од дополнителни усогласувања.

**Точка 7**

Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски го одложи разгледувањето на Предлог - програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година, за наредната седница на Владата, поради потребата материјалот да се усогласи со Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 8**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2020 година, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за економија да обезбеди мислење од Регулаторната комисија за енергетика и да се усогласи со Министерството за финансии.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за развој на туризмот за 2020 година.

**Точка 10**

Владата го донесе најновиот текст на Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2020 година.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година, со заклучок да ја измени Предлог-годишна програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година соодветно на изменувањето на Инвестиционата програма на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје (во насока предвидените средства за изградба на објекти со станови за продажба, проекти 6, 7, 8 и 9 од Инвестиционата програма да се пренаменат за други проекти поради тоа што урбанистичките планови за овие парцели сеуште не се донесени (8 и 9 се укинати од Уставниот суд)).

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за заштита на природата за 2020 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, со Предлог - одлука за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово и Предлог - одлука за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Речица, Општина Куманово и Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со основна класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Куманово, Општина Куманово.

**Точка 14**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори со состојба на активностите преземени до крајот на 2019 година, за наредната седница на Владата поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на материјалот со Министерството за финансии и Министерството за економија.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за рамномерен регионален развој за 2020 година.

**Точка 16**

Владата го одложи од разгледување Предлог – законот за установите за средно образование на верските заедници за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 17**

Владата го донесе најновиот текст на Националната годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 18**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата „Здравје за сите“ за 2020 година.

**Точка 19**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 20**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 21**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Изградба на културно образовен центар во Тетово, со нов театар и библиотека“.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства (во улога на креатори на политики на одредена област/област) да го дистрибуираат анкетниот лист до сите институции од јавниот сектор (Прилог 1), во рок од три дена.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација веднаш да го постави Анкетниот лист (Прилог 2) на својата веб - страница.

3. Се задолжуваат сите министерства да ги достават пополнетите анкетни листови од институциите од Прилог 1, во рок од еден месец до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 23**

Владата по Предлогот за доделување средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (финансиска помош за настраданите во пожарите што

ја зафатија Австралија) го задолжи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во износ од 6.000.000,00 денари, наменети за доделување на помош за настраданите од пожарите кои ја зафатија Австралија, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 24**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 25**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 23 декември 2019 година до 29 декември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го определи Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, за претставник на Владата од редот на министрите, којшто ќе учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата ја разгледа Предлог - одлуката за дополнување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Уставен суд на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на Одлуката претходно редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**4.** Владата заклучи да го извести Собранието на Република Северна Македонија дека ги потврдува и останува на текстовите на предложените материјали/закони што се доставени од претходната Влада.

**Точка 26**

Владата ги разгледа Годишната програма и Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2020 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за остварување на право на користење на службено возило на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на кој му престанала функцијата, во предложениот текст.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 13:25 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски